Ана Витанова-Рингачева

# ПРЕМОСТЕНИ СОНИШТА

– огледи, студии, осврти –

*Издавач*
***СИЛСОНС***
*Скопје, Република Македонија*
*+389 2 2321 138; +389 2 3230 358*
*e-mail: contact@matica. com. mk*
*http: //www. knizarskosokace. mk*

*За издавачот*
*Илина Шаревска, директор*

*Главен уредник*
*Раде Силјан*

*Лектура*
*Здравко Ќорвезироски*

*Корица и електронска реализација*
*Кристи Георгиевски*

Ана Витанова-Рингачева

# ПРЕМОСТЕНИ СОНИШТА

*– огледи, студии, осврти –*

СИЛСОНС

Скопје, 2020

# *СОДРЖИНА*

I

*Не треба шум да се крева, туку темелно да се гради! – Блаже Конески* ..................... 9

Лечебна е моќта на Блажевата блажена поезија (Личен обид за прочит на поезијата на Блаже Конески) ..................................................... 11

Послание од Небрегово (За едно патување до утробата на нашето битисување и назад) ..................................................................... 24

Едно поинакво сведоштво за Конески (Промотивна реч кон книгата *Мојот професор пророк* од Вера Стојчевска-Антиќ, Скопје: Култура, 2017) ..................................................................................... 28

Не треба шум да се крева, туку темелно да се гради! (Осврт кон двотомното издание на книгата *Македонските лингвисти* I и II од Иван Глигоровски, Скопје, 2019) ............................................................ 34

II

*Литературата за деца е нешто што нè враќа на праизворот на човечкиот говор! - Видое Подгорец* ............................................................................. 41

Зативнатите еха на детството ......................................................... 43

И малите места раѓаат великани (85 години од раѓањето на Видое Подгорец) ......................................................................... 50

Кон творештвото на Киро Донев (По повод 50 години творештво и 75 години живот на авторот Киро Донев) ........................... 54

Третманот на книжевноста и вредносните критериуми на книжевните текстови во списанијата за деца ................................. 63

## III

*Вечни се само градбите што ќе се извишат во зборот! – Иван Василевски* ........... *71*

Кон праизворот на поезијата (Осврт кон книгата *Сликање на ангелот* од Иван Василевски, Скопје: Матица македонска, 2015)........ 73

Премостени соништа (Осврт кон книгата *Кула во сонот* од Иван Василевски, Скопје: Дијалог, 2013)........................................ 98

Поемата „Петнаесетте“ од Иван Василевски – меѓу историската вистина и поетовата фасцинација........................................107

Последните воздишки на поетот (Осврт кон книгата *Скршнување* од Иван Василевски, Скопје: Матица македонска, 2018)..............................116

## IV

*Каде ќе се роди човек, таму ќе се роди неговото паметење! – Митко Маџунков*........................................*123*

Архетипските и митски симболи во драмската трилогија „Вечна игра“ од Митко Маџунков ........................................125

Опсцената лексика во функција на создавање универзални пораки во трилогијата „Вечна игра“ на Митко Маџунков ......................134

Тромеѓата во поезијата на Стојче Балкански и Егејската Прародина на Љубен Ташковски – рецидив од стогодишната голгота на македонските откорнатици ........................................143

Цар Самуил и мотивот Беласичка битка во современата македонска поезија – дијалог меѓу историјата и поетиката .................155

Постмодернистички постапки во расказот „Смртта на Евтихиј“ од книгата *Фрески и гротески* на Венко Андоновски .............................165

Стожерната мисла на родољубивиот триптихон (Кон книгата *Триптих за Македонија* на Раде Силјан)..............................185

Неоградени стихови (Осврт кон стихозбирката *Струшки* на Георги Барбаровски, Скопје: Матица македонска, 2016)......................190

На брегот, живот! (Осврт кон книгата *Покрај матицата* на Георги Барбаровски, Скопје: Матица македонска, 2020).......................195

Да се дофатат нови светлини (Осврт кон книгата *Лов на елени* од Васил Тоциновски, Zagreb–Rijeka: Zajednica Makedonaca u Republici Hrvatskoj–MKD Ilinden, 2015).........................................................205

Зборовите си одат, но писмото останува! (Кон зборникот *Мудроста на вековите,* македонски народни пословици и поговорки од Струмица и струмичко на Иван Котев, Струмица, 2012).........................213

Тежината на промислениот збор (Осврт кон книгата *Јава и сон* на Васил Дрвошанов, Скопје: Бата прес, 2015)..........................................221

Стихови во време – невреме (Осврт кон книгата *Душевни молскавици* од Ѓорги Зимбаков, Скопје: Матица македонска, 2019)..........................231

Стихозбирката *Уа и Ура* на Ѓорги Калајџиев – оригинален призвук на македонското поетско писмо (Осврт кон книгата *Уа и ура* од Ѓорги Калајџиев, Струмица, 2014)...................................................................236

Илјадалетна (Краток освет кон драмата *Царот Владислав* од Борис Јанков, Струмица: ЛУБ „Благој Јанков Мучето“, 2014)...............246

## V

*Уметност во време на суша.........................................................................................................249*

Уметност во време на суша (Кон изложбата на четворицата струмички уметници: Љупка Галазка-Василев, Никола Пијанманов, Ване Костуранов и Маријан Ѕин)...........................................251

Преобразба на една праслика (Обид за толкување на муралот *Лузна* на Никола Пијанманов)..........................................................256

Метафорите во сликарскиот дискурс на Ниче Василев.........................261

*Биографија.......................................................................................................................................266*

# *ТРЕТМАНОТ НА КНИЖЕВНОСТА И ВРЕДНОСНИТЕ КРИТЕРИУМИ НА КНИЖЕВНИТЕ ТЕКСТОВИ ВО СПИСАНИЈАТА ЗА ДЕЦА*

Творештвото за деца претставува носечки столб на секоја национална литература. Македонската литература си обезбедила свој континуитет во времето, бидејќи на своите страници отстапила место на авторите кои создаваат литература за деца. Литературата за деца е највредниот учебник од кој детето учи за светот, го запознава со сите убавини и недостатоци, го проширува хоризонтот на гледање на нештата, го поттикнува и развива когнитивниот потенцијал кој секое дете го поседува. Читањето квалитетна литература и општењето со квалитетни списанија, значи градење високи критериуми за тоа, како треба да ѝ се пристапи на литературата за деца. Да се создава литература наменета за децата, подразбира подготвеност на авторот да се соочи со еден специфичен реципиент кој бара естетско-етичката, моралната, образовната и најмногу од сѐ воспитната компонента, да бидат соодветно дозирани и прилагодени на неговиот светоглед. Стоиме на ставот дека и литературата за деца може да се вреднува според воспоставените книжевни критериуми исто како и литературата за возрасни, бидејќи ја носи литерарноста како одлика на својот спецификум. Естетските достигнувања на писателите за деца можат да бидат многу високи, а критериумот на литерарност на текстот да биде задоволен до неговите највисоки вредности. Способноста на авторот од едно анегдотско јадро да создаде текст, прилагоден на детската моќ за рецепција, води кон можноста тој текст да ги задоволува високите естетски критериуми кои детето потајно ги бара.

Иако главниот фокус на нашето истражување се естетските критериуми по кои се создаваат книжевните текстови во списанијата за деца, нашите гледишта ќе зафатат и еден поширок простор кој се однесува на целокупната литература за деца. Создавањето книжевни текстови чиј реципиент е најмладата читателска публика, подразбира познавање и почитување на норми кои се на исто рамниште како и верифицираните норми

по кои се создава литературата за возрасни. Основната поетика на која лежи целокупната литература за деца, се содржи во умешноста, како да се направи баланс меѓу стварноста и имагинарниот свет кој се создава и постои во делата создадени за децата. Тие два света егзистираат паралелно. Делото не е верна слика на стварноста, туку обликување препознатлива структура, откривање нови вистини и креирање нови убавини. [14]

Книжевноста за деца, историски гледано е со понов датум во однос на книжевноста за возрасни и е резултат на перцепцијата на авторите кои воочиле дека аголот на гледање на нештата во литературата, не е ист кај детето и возрасниот човек. На тој начин, оваа литература го добива својот посебен идентитет кој не претендира да се преслика во нешто што е одлика на литературата за возрасни. Литературата за деца мора да биде во дослух со вистинските естетски критериуми, бидејќи токму таа има пресудно влијание врз формирањето на светогледот на детето, идниот возрасен човек кој треба да поседува моќ за критичко размислување. Најтешката „борба" на писателите за деца е како да ги придобијат децата на своја страна, на страна на делото и ликовите во него. Детската природа е максимално сензибилизирана да реагира на формата и содржината, на ликовите и пораките кои ги носи делото, да ги прифати или да ги отфрли. Светот на фантазијата, волшебното, играта, хуморот, отсекогаш биле теми кои го привлекуваат окото на љубопитното дете. Реалниот свет во очите на детето има второстепено значење, бидејќи детската природа лесно се приклонува кон создавање светови во сферите на имагинарното, светови кои постојат во желбите, сништата и копнежите.

Моделот на идентификација на детето - читател со јунаците од делата што ги чита е модел на негово растење и созревање. Современите деца сѐ почесто трагаат по јунаци од светот на научната фантастика, јунаци кои храбро ги прифаќаат предизвиците, откриваат нови светови, невозможното го прават возможно. Феноменот на играта во литературата за деца недвосмислено има естетска функција и заедно со хуморот претставуваат едни од главните елементи на вистинските естетски градени текстови создадени за децата. Играта е првиот прозорец кој детето го отвора за да почне да го запознава надворешниот свет. Со посредство на хуморот, писателите ја остваруваат својата автентична визија за животот, ги

[14] Тихомир Б. Петровиќ. Естетске законитости књижевности за децу, Детињство, 1 / 2015 (XLI) стр. 22-29

карактеризираат јунаците и ги соопштуваат своите пораки. [15] Хуморот мора да биде умерен, прилагоден на возраста на детето, разбирлив за детскиот интелект, а не, нелогичен и со истрошени фрази. За разлика од хуморот на возрасните кој најчесто е неприроден, изнуден, зајадлив, ироничен и лицемерен, кај децата смеењето е сосема природно, спонтано, искрено и не е изнудено. Неизнасиленото прелевање на естетското со морално-поучното, хуморот, играта и дидактичното кои најчесто се случуваат на границата меѓу фикцијата и реалноста, се основните карактеристики на литературата за деца. Сè што е опозитно поставено од наведеното, доминација на дидактичното, изнасилениот и неприроден хумор и изнудените емоции, постои само во доменот на тоа што можеме да го наречеме инстант литература.

Креативната мисла на писателот кој создава литература наменета за деца мора да биде во костец со еднообразноста, да негува постојан стремеж кон нешто ново и поинакво, пристапот да биде оригинален и несекојдневен. Детето читател луцидно умее да го разграничи еднообразното од креативното. Особено денешните деца кои имаат пристап до супер-креативни содржини, имаат изострен вид, но и слух, за да селектираат што ќе читаат или слушаат. Детето како читател во својата перцепција остварува еден посебен однос меѓу својата личност и личноста на авторот на текстот што го чита. Авторот кој искрено му се обраќа на детето, но и со почит и без потценување, знае дека ќе биде прочитан и разбран. Според Бруно Бетелхајм, приказната треба да биде поврзана со сите аспекти на личноста на детето – и тоа без омаловажување, напротив, признавајќи ја сета сериозност на неговите проблеми, при што ќе ја поддржува неговата самодоверба и верба во иднината. Кога станува збор за книжевен текст, детето не можете да го манипулирате, што значи, не можете да му понудите неквалитетно списание или книга, а да посакате да го чита. Ако тоа не пронајде нешто што ќе ја вжари или разгори неговата љубопитност, тогаш ќе го остави списанието и ќе посегне по нешто што во моментот му е попривлечно. Децата реагираат на нелогичностите во текстовите, реагираат на изнасилената и по секоја цена употребена рима, како да знаат дека авторот пишува без да мисли на повратната информација која треба да стигне токму од детето. Децата нема да кажат дека нешто е убаво, ако

[15] Миомир З. Милинковиќ. Дете и књижевност-кроз време и данас, Детињство, 1 / 2017 (XLIII) стр. 110

не мислат така. Куртоазноста им е туѓа на децата, тие го кажуваат тоа што го мислат. Токму затоа, писателот ако се одлучил да пишува за деца, мора „да се плаши“ од детската реакција, бидејќи децата не го препознаваат моментот на лицемерна насмевка и нема куртоазно да кажат дека нешто им се допаѓа, ако навистина не го мислат тоа.

Детскиот аспект и неговото запазување е основниот и најважен критериум по кој треба да се водат авторите за деца. (без разлика дали зборуваме за поезија, проза, драма) кога пишуваат текстови за детските списанија. Со воведување на детската точка на гледање (point of view) и детскиот глас, се прави еден вид револуција во литературата. Детскиот аспект или точката од која децата го набљудуваат надворешниот, но и внатрешниот свет е стожерот на литературата за деца. Големината на писателот за деца се огледа во неговата умешност да се лоцира на вистинското место каде се прекршува сликата на детото, кое истовремено е и мечтател, но и реален набљудувач на околината. Да се направи соодветна проценка до каде гледаат очите на детето, а до каде очите на возрасниот е предизвик пред кој многу често се исправени авторите кои создаваат литература наменета за децата. Големите писатели умеат полека, без притисок да ја поместуваат таа точка на набљудување, до оној момент кога детето созревајќи, несвесно станува вистински критичар на стварноста. Децата бараат и посакуваат необичен пристап, несекојдневни ситуации, посакуваат да стојат на јажето кое виси, а ги поврзува реалниот и имагинарниот свет, а за тоа колку ќе биде затегнато и за балансот, одговорноста е кај писателот.

Она што посебно го возбудува детето - читател е непосредниот однос меѓу него и авторот, нараторот кој на посебен начин комуницира со читателот, особено пак ако му отвора простор за интервенција во текстот, како би го променил текот на играта и на настаните, а со тоа и судбината на ликовите. Наеднаш, светот набљудуван од дистанца на читател, само навидум неосвоив и далечен, станува свет достапен за детето, свет во кој има дозвола за пристап. Така детето станува соучесник во играта, дури и водач, што е најсилно посакуваната позиција во детството. Авторот треба да внимава, кај детето - читател да го развие чувството дека е соучесник во играта, да му остави простор, само да ја прими и доживее пораката што текстот ја испраќа. Прилагоденоста на текстовите на возраста на читателот, значи вградување на воспитно-образовната компонента, почитување на

детскиот аспект (перспективата од која детето му приоѓа на текстот), како и оградување сигурна зона во која детето ќе негува чувство на припаѓање.

Читањето литература за деца (книга, списание или лектирно издание) не е само забава за децата и начин како да се пополни време или само наметната формалност и обврска како дел од наставните програми во воспитно-образовниот процес. Идејата дека литературата за деца има исклучително воспитна функција, во современите текови на литературата се релативизира, бидејќи таа има и своја естетска страна. Ако го имаме предвид фактот дека книжевноста за деца има специфичен реципиент и строго определена функција, тогаш неминовен е заклучокот дека таа опстанува по строго определени закони. Задоволувајќи ги основните животни потреби како знаење, информираност, трагање по сопствениот идентитет, самоостварување, забава, разонода, игра и убавината на јазикот, таа (книжевноста за деца) ги презема сите важни својства кои ја определуваат како книжевност. [16] Тихомир Петровиќ ја посочува базичната тријада: *естетското, поучното и забавното* како оска околу која гравитираат делата кои ѝ припаѓаат на книжевноста за деца. Откривањето на естетските, етичките и образовно-воспитните компоненти на еден текст кој претендира да општи со еден специфичен адресат – детето, подразбира специфично доживување на самиот творец на текстот, но и на читателот. Повеќе аспекти се во фокусот кога зборуваме за задоволување на естетски критериуми и литерарноста во книжевноста за деца: поставеноста на нараторот и неговата комуникација со детето (автор-наратор-читател); портретирањето на ликовите и нивните атрибути; психологизациите и психолошкото портретирање; ликовите животни и персонифицирањето како важен сегмент; детскиот аспект; еколошкиот аспект; едукативната компонента; народното творештво во функција на стекнување нови знаења од јазик и литература; хуморот; визуелното претставување (илустрациите). Во еден ваков контекст, Марија Тодорова го посочува тврдењето на Расел (Russell) дека литературата за деца е незаменлив инструмент во функција на естетскиот развој на детето, односно формирање на свест за убавото; во литерату-

[16] Тихомир Б. Петровиќ. Књижевност за децу у светлу науке о књижевности. Во: Књижевност за децу и њена улога у васпитавању и образовању деце школског узраста, тематски зборни, Универзитет у Нишу, Учитељски факултет у Врању, Врање, 2013, стр. 260

рата, ова значи љубов кон звучноста и ритмиката на јазикот. [17] Општејќи со квалитетни текстови во списанијата, детето започнува да гради своја перцепција за убавото, за естетски граденото тело на еден текст. Сè што ќе се објави во детските списанија, а е надвор од рамките на вистинска и квалитетна литература, пред сè значи непочитување на личноста на детето и фрлање кал во бистрите води на детскиот свет. Кога еден текст објавен на страниците на едно списание за деца ќе го поднесе притисокот на естетската, етичка и критичка анализа, тогаш значи дека истиот ги почитува вредносните критериуми и може да изврши позитивно влијание врз личноста на детето. Со самата интерактивност, која е врвен приоритет во современото образование, списанијата отвораат простор за целосна вклученост на читателот (детето). Домашните автори кои пишуваат во списанијата за деца, мора да ги врамат своите дела во рамки на познатиот и прифатлив простор за нашето, за македонското дете, првенствено. Ликовите, местото и времето како и мотивите, треба да бидат во согласност со светогледот на нашите деца кои веќе имаат некаква слика за светот околу себе, а текстот со кој ќе се соочат во понуденото списание, ќе биде само надополнување или потврда за тоа. Основната цел на списанијата за деца е да извршат клучно влијание на воспитен, образовен, информативен и културен план. Преку рубриките, согласно возраста на читателот, да се дадат правилни насоки кои ја градат и афирмираат личноста на детето, подоцна адолсцент и возрасен човек.

Илустрациите во списанијата се исто така многу важен сегмент кога зборуваме за естетската вредност на истите. Тие претставуваат продукт на комуникацијата меѓу текстот и неговата визуелна претстава. Во време кога литературата е во постојана борба со модерната технологија, илустрациите се многу повеќе од цртежи, тие се одраз на поривот на уметникот, инспириран од текстот, да создаде уметничко дело приемчиво за детското око. Детската природа е толку сензибилизирана кога зборуваме за визулното, што ни се чини дека децата многу повеќе општат и го разбираат јазикот на сликарската уметност, отколку која било друга форма. На тој начин ефектот на доживување кај читателот-дете постигнува висок интензитет, особено ако се има предвид фактот дека на страниците на списанијата доминираат илустрации со силни бои. Добрата илустрација е најцелисходна кога кни-

[17] Марија Тодорова. *Литературата за деца и културната разноликост*, Вермилион, Скопје, 2011, стр. 81

гата се преведува на друг јазик и треба да биде разбрана од читатели кои припаѓаат на туѓо говорно подрачје, со поинаков систем на вредности и сфаќања. Според Јоланда Запатера, добрата илсутрација може да ги надмине овие бариери на начин на кој писмената комуникација никогаш не би можела. Што значи, самата islустрација има силен ефект врз визуелното восприемање на текстот и дете кои сѐ уште не знае да чита, текстот го чита и разбира токму преку илустрациите. Децата на таа возраст комуницираат со илсутрациите, а не со буквите, зборовите и речениците.

Едукативната функција што е клучна, а несомнено ја поседуваат списанијата за деца, како свој приоритет ја немаат социјалните мрежи. Списанијата имаат редакција која се грижи за квалитетот на избраните текстови, за нивните јазични и книжевни карактеристики. Станува збор за селекција која е во функција на правилниот развој на детето. Ако имаме потреба да споредуваме, тогаш несомнено стои заклучокот дека социјалните мрежи го немаат тој филтер и затоа таму децата се соочуват со примери на насилство (вербално и физичко), но и она што е во доменот на нашиот интерес, се соочуваат со примери на насилство врз јазикот, скврнавење на литературниот јазик и сосема погрешна употреба (или непознавање) на основните правописни правила. Резултат на таквите процеси се неправилната употреба на јазикот, целосно искривиена слика за правописот и правоговорот и секако, немање критериуми за квалитет на еден книжевен текст. Книжевните текстови во списанијата треба да бидат платформа на која децата можат да воочат што значи лекториран текст, пишуван согласно нормата на македонскиот правопис (без злоупотреба на жаргонизмите, тие се употребуваат свесно со цел да се доближи текстот до читателската публика, посебно во тинејџерската возраст), да воочат лексика која е прочистена од нивните секојдневни изрази во јазикот и да восприемаат содржини со мерливи книжевни критериуми. Доминираат содржини кои се ослободени од премногу дидактика и директно посочување на воспитната компонента, бидејќи во суштина, децата ги препознаваат тие места и реагираат со одбивање. (особено на поголема возраст) Современите истражувања во книжевната наука го побиваат тврдењето дека поучноста и дидактичноста се единствените критериуми по кои треба да се вреднува книжевноста за деца. Воспитно-педагошкиот и морално-социјалниот аспект би требало да се нaѕираат или да се подразбираат, а не да бидат наметнати и неприродно апострофирани.

Творештвото наменето за децата и младите е сериозен потфат кој подразбира одговорен однос кон уметничкиот позив, но пред сѐ, одговорност кон детето, негово почитување и максимална предаденост. Детството е периодот од животната скала во кој потребата од слобода и убавина се единствените принципи на кои им се покоруваме. Водени од нив, писателите за деца со целосна одговорност и чувство на чиста совест, треба да создаваат дела кои подразбираат препознатлив стил, чист јазик и висок степен на писменост. Литературата со која општат децата и младите треба да ги поттикнува и развива основните чувства што водат кон емпатија, алтруизам, љубов кон другиот, пријателство, почит и чувство на одговорност, пред себе, пред другите и пред општеството во целина. Почитувањето на личноста на детето и перцепцијата дека тоа е мисловно суштество со вградени морални, етички и естетски предиспозиции, значи тенденција да се создаде дело кое пред сѐ ќе ги почитува хуманистичките закони. Развивањето на когнитивниот потенцијал на детето, како и неговото градење како личност со своја социјална интелигенција, оди рака под рака со литературата што тоа дете ја чита. Да му се обратите на детето со чисто срце, значи да му се обратите на детето во себе, заклучува Тихомир Петровиќ.

Денес, од перспектива на истражувачи можеме слободно да кажеме дека читањето квалитетна литература за деца претставува влог во иднината градена од децата, идните стожери на нашето општество. Мисијата на списанијата за деца е да бидат активен чинител во градење на иднината, која е како семка во очите на секое дете, ако се храни и полева со убав и силен збор, тогаш ќе израсне во прекрасна билка, наслада за сите сетила.

*****Трудот е објавен во списанието *Видело*. Белград: 2019.

Ана Витанова-Рингачева
ПРЕМОСТЕНИ СОНИШТА

СИЛСОНС
Скопје, Република Македонија
тел: 02 2321 138; 3230 358
http://www.knizarskosokace.mk

Печат
Графостил
Ул. Невеска бр. 2-1/11
1000 Скопје
2020

Тираж
500

CIP – Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски", Скопје

821.163.3.09

ВИТАНОВА-Рингачева, Ана
Премостени соништа : огледи, студии, осврти / Ана Витанова-Рингачева. - Скопје : Силсонс, 2020. - 268 стр. ; 20 см

Фусноти кон текстот. - Биографија: 266-267

ISBN 978-608-219-129-4

а) Македонска книжевност -- Критики и толкувања

COBISS.MK-ID 51703301

Изданието е финансиски помогнато од
Министерството за култура на Република Северна Македонија